# Годишен извештај за работењето на Макстил А.Д. Скопје во 2018

Условите за стопанисување во деловната 2018, па и годишните остварувања во количински показатели не се разликуват многу од претходниот извештаен период во смисол на нецелосно искористување на инсталираните капацитети со сите последици врз трошоците на работењето (особено фиксните) и остварените финансиски ефекти, потешкотиите во пласманот на произведените количини, ниските пазарни цени и невоедначената динамика на цените на влезните суровини и материјали и цените на готовите производи.

И овие отежнати услови за стопанисување кои се одржуваат речиси целава посткризна декада, во најголема мерка се резултат на влијанието на глобалните прилики на пазарот на челични производи кои имаат силни негативни рефлексии врз динамиката на производството, (остварувања под инсталираните капацитетни можности), неговата економичност и останатите квалитативни фактори на деловната активност.

Најсериозна закана беа донесените времени мерки за ограничување на увозот на челични производи во ЕУ, носечкото пазарно одредиште за производите од производната програма на компанијата. Но, од не помало значење се и редицата специфични проблеми од системска природа во рамките на националната економија: забраната за увоз на старо железо од странство, цените на енергентите и транспортот и сл., наметнатиот проблем со водоснабдувањето, нерешените проблеми во доменот на урбанизмот во локалната заедница. Не треба да се испуштат од предвид и дополнителните трошоци поврзани со инсталираниот систем за заштита на емисиите од производниот процес во погонот Челичарница.

Оствареното производство на дебели лимови во 2018 во производниот погон Валавница за дебели лимови е 269.663т. што споредено со 271.287т. во 2017 претставува намалување од 0,6%, додека во однос на поставените производни таргети за годината (258.000т.) претставува зголемување од 4,5%. Оствареното производство на сопствен челичен полуфабрикат, челичански слабови во извештајниот период е 266.118т. што споредено со 273.491т во 2017 претставува намалување од 2,7%, додека во однос на планираното производсво за годината (240.000т.) претставува зголемување од 10,9%. Иако како што беше напоменато станува збор за прилично изедначени произведени количини споредено со претходната година, станува збор за производство кое е далеку од инсталираниот производен капацитет во двата производни погони.

Реализацијата во количински показатели е 277.712т., што споредено со 275.790т. во 2017 претставува зголемување од 0,7%.

Во извештајниот период се остварени приходи од работење во износ од 6,6 милијарди денари, од кои приходите од продажби како носечка ставка во структурата на вкупните приходи учествуваат со дури 99,3%. Споредено со 2017 остварените приходи од работењето (5,8милијарди) се поголеми за 13,8%. Покрај разликата во испорачаните количини и поповолните ценовни односи, во извештајниот период е евидентна и разлика и во структурата на испораките во полза на поголемо учество на сопствените продажби за сметка на испораките по основ на договори за преработка каде финансиските ефекти се значително поповолни

Добивката пред оданочување во извештајниот период е 6,5 милиони денари и е за 62,5% поголема од остварената во 2017, а нето добивката е 4,3 милиони денари и е за 167% повисока од минатогодишната заради оданочувањето на непризнаените расходи.И за овој извештаен период се карактеристични повремените финансиски интервенции на ационерите за покривање на зголемените трошоци на работење.

И во извештајниов период во континуитет се реализираат инвестициони активности за одржување во кондиција на инсталираната опрема и процесни линии, за подобрување на енергетската ефикасност и севкупната економичност на работењето при што нивниот износ надмина 413,7 милиони денари. Од позначајните зафати треба да се истакнат: реконструкцијата на кранските постројки во производниот погон Челичарница, дозаокружувањето на системот за заштита на амбиенталниот воздух од емисиите од термичките агрегати во производниот погон Челичарница и целосна реконструкција на електролачната печка заради интензификација на производниот процес како и редица зафати за подобрување на енергетската ефикасност и за намалување на трошоците на нејзиното одржување, одредените зафати на постројката за континуирано леење за производство на слабови со помал пресек, сервисирање на трансформаторот на казанаската печка, набавка на нови колички со ваги за старо железо, а во производниот погон Валавница за топловалани дебели лимови дозаокружена е модернизацијата на главниот погон на валачкиот стан и затварање на просторот околу него, реализиран е зафат за компензација на реактивна електрична енергија, направени се редица зафати на едната потисна печка, инсталиран е икс мерач за континуирано мерење на дебелината на лимовите, изведени се активности за рециркулација на технолошката вода, инсталиран е автоматски секатор, отпочнати се активности за реконструкција на кранови и крански патеки, реализирани се активности за целосен видео надзор и изведени се редица други реконструкциски и ремонтни активности.

07.02.2018 Скопје

Макстил А.Д. Скопје